До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и 42/20) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PER SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP
Примено / Pranuar: 22.04.2020
Орг. единица Njësia org.: 03 | Број Numër: 1982 | Прилог Shtesë: 1 | Вредност Vlerë:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјекти на надзорот:** издавачите на печатени медиуми, и тоа:

2.1. Друштво за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на „Нова Македонија",

2.2. Друштво за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје, издавач на „Слободен печат",

2.3. Друштво за издавање и маркетинг ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ Скопје, издавач на „Вечер",

2.4. Друштво за новинско издавачка дејност, трговија и услуги КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО Скопје, издавач на „Коха",

2.5. Трговско друштво за новинско издавачка дејност трговија производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на „Капитал",

2.6. Друштво за новинско издавачка дејност МЕДИА ПЛУС ФОКУС ДОО Скопје, издавач на „Фокус",

2.7. Друштво за новинарство и издаваштво МЕДИЈА ПРЕС ВМ ДООЕЛ увоз-извоз Битола, издавач на „Битолски весник",

2.8. Друштво за реклама и издаваштво АМПТЕАМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на „М Магазин/Авто плус",

2.9. Друштво за производство, трговија и услуги ЈЕНИ БАЛКАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на „Јени Балкан",„Бахче" и „Јени Балкан Хафтал'к Билтен",

2.10. Друштво за трговија, издаваштво и консалтинг АТВ МЕДИА КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, издавач на „Лајм",

2.11. Друштво за трговија, услуги и издавачка дејност ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на „Економија и бизнис",

2.12. Друштво за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, издавач на „Портрет",

2.13. Друштво за производство,трговија и услуги МЕДИУМ БОЈА 43 ДООЕЛ увоз-извоз Штип, издавач на „Штипски глас",

2.14. Друштво за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „Убавина и здравје", „Story", „Home Style", „Добра храна" и „Руски доктор",

2.15. Друштво за издавачка дејност БИРО ПРЕС ДОО Скопје, издавач на „Порта3",

2.16. Друштво за графички услуги и трговија АРС ЛАМИНА ДОО Скопје, издавач на „Мини Либи" и „Либи" на македонски јазик и „Мини Либи" и „Либи" на албански јзик,

2.17. Културно Здружение ВИЗИОНИ М Скопје, издавач на „Шења",

2.18. Друштво за маркетиншки услуги МАРМАКС СТЕП ДООЕЛ Скопје, издавач на „Скопско Ехо".

2.19. Друштво за издавачка дејност, трговија и услуги ЗЕНИТ ПРЕС ПЛУС увоз извоз ДОО Прилеп, издавач на „Зенит",

2.20. Здружение за едукација на земјоделците ЗЕЛЕНА БЕРЗА, Битола, издавач на „Зелена берза" и

2.21. Здружение на граѓани за истражување, комуникации и за развој ПАБЛИК Скопје, издавач на „Лице в лице".

3. **Датум на извршување на надзорот:** 22 април 2020 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши на исполнувањето на обврската од член 15 став 2 од Законот за медиуми, според која издавачите на печатен медиум се должни податоците за сопственичката структура, односно податоците за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување, да ги објават во најмалку еден дневен весник, еднаш годишно, најдоцна до 31 март во тековната година и исечок од објавата да му достават на надлежното регулаторно тело во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

5. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека обврската од член 15 став 2 од Законот за медиуми не ја исполни само Трговското друштво за новинско издавачка дејност трговија производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на „Капитал".

Предлог-мерката за овој издавач на печатен медиум е дадена во посебниот извештај кој се доставува во прилог на овој извештај.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***